ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

МЦМС>> 25 ГОДИНИ

## ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО

## Дебата: Стратегијата креатор на овозможувачко опкружување за граѓанските организации

**24 јануари 2019, Граѓански ресурсен центар, Скопје**

Почитувани,

Македонски центар за меѓународна соработка има задоволство да ве покани на ***Дебатата: Стратегијата креатор на овозможувачко опкружување за граѓанските организации*** организирана во рамки на Граѓанскиот ресурсен центар, а во соработка со Одделението за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат на Владата на РМ. Дебатата ќе се одржи на ***24-ти јануари*** со почеток во ***10:00 часот*** во ***Граѓанскиот ресурсен центар, Скопје*** (ул. Кирил и Методиј бр. 50, спроти централната канцеларија на НЛБ Тутунска банка).

Целта на дебатата е презентирање на **Стратегијата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 година** како и динамиката на спроведување на истата. На дебатата ќе се дискутира и за улогата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор при спроведувањето на Стратегијата, како и за поддршката која ја дава Европската Унија во равојот на граѓанското општество.

Овој настан е дел од програмата Национален ресурсен центар за граѓански организации финансирана од Европската Унија. Во рамките на програмата делуваат три граѓански ресурсни центри: во Скопје, во Гостивар и во Штип. Спроведувана е од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со Медиа плус, Штип и Асоцијација за демократски иницијативи – АДИ, Гостивар. Целта на програмата е поддршка за градење капацитети на граѓанските организации за тие да бидат ефективни и отчетни независни актери кои придонесуваaат кон опкружување кое е поволно за граѓанското општество.

Се надеваме дека темата на настанот е од интерес за вас и дека ќе бидете во можност да учествувате на дебатата. Ве молиме да го потврдите вашето учество најдоцна до 22 јануари. Лице за контакт е Флориан Мехмети – florian@rcgo.mk или 02 323 7784.

Прилог: Дневен ред

Со почит,
ВАт/ЕНр
Бр.. 11-34/03-2019
Скопје, 15.01.2019 г.

**Македонски центар за меѓународна соработка**
Александар Кржаловски
Прв извршен директор

Гонце Јаковлеска
Извршен директор

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

ЕУ за ТЕБЕ